Здружение на Јавни Службеници
на Северна Македонија

Бр. 03-12/1
02.02. 2020 год.
ПРИЛЕП

Здружение на Јавни Службеници
e-mail: javnisluzbenici@gmail.com
жиро с/ка: 270073997580131-Халкбанк АД Скопје

# ПРОФЕСИОНАЛНА АДМИНИСТРАЦИЈА

За правилно функционирање на системот во државата, односно на државата поставена во сегашниот систем неопходна е професионална администрација која без разлика на полот, политичкото или верското убедување основен постулат секогаш ќе и биде зачувување на јавниот интерес и правото на граѓанинот во државата.

Ваквиот систем овозможува раководење на големи институции со мала администрација, како на пример училиштата и болниците, соодвествено во секоја општина (локална единица) најголеми сектори се здравството и образованието.

Темел на таквата администрација е Јавнот службеник кој треба да е професионалец во тоа што го работи, бидејќи е задолжен и ставен на располагање на целиот јавен сектор, а работи за секој граѓанин ( зависно од работното место) што дошол со барање до него за остварување на некое право гарантирано од државата.

За доследна примена на домашното законодавство и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, односно за владеење на правото во државата сметаме дека примарно треба да се внеси Уставот на државата како највисок правен акт, законите, подзаконските акти итн. во самиот систем, за да може истиот системски да ги спроведува соодветно нивната цел и примена во државниот апарат.

За креирањето на такавата администрација Здружение ќе изведува обуки првенствено со капацитетите во општина Прилеп, како општина од која Здружението започна да дејствува.

Ќе спроведува програмата за градење на капацитетите заснована на анализа на потребите на граѓаните, а при тоа идентификуваќи ги и потребите на јавниот службеник.

Услугите ќе ги вршат искусни Јавни Службеници кои поседуваат спој на теоретски и практични познавања на соодветната област.

Примарна цел на Здружението е создавање на професионална администрација во нашата држава, односно професионален Јавен Службеник соодветен и подобен за секое работно место во јавниот сектор на државата.

За правилно функционирање на иституциите ќе овозможиме стручни правни услуги, анализи и изработка на правни мислења во обласа на целиот јавен сектор од Државната администрација, Министерството за внатрешни работи, Армијата на Република Македонија, Образование и наука, Културатата, Социјалната и детската заштита,

**Здружение на Јавни Службеници**
e-mail: javnisluzbenici@gmail.com
жиро с/ка: 270073997580131-Халкбанк АД Скопје

Здравството, Судството и јавното обвинителство, државните и јавните претпријатија, како и Трговски друштва во државна сопственост.

За институциите од јавниот сектор нудиме поддршка при спроведување на функционална анализа. Преку анализата ќе се идентификуваат главните прашања поврзани со постојната организациска структура и функционирањето на секоја деловна единица. По спроведената анализа произлегуваат конкретни мерки со кои се подобрува целокупната институционална ефикасност.

Главната цел при спроведување на Функционалната анализа е дефинирање на основните функции кои ги врши институцијата што ќе даде јасна слика за тоа колку самата институција е подготвена да спроведе одредени подобрувања кои ќе придонесат кон подобро вршење на нејзините основни функции.

Исто така нудиме нашата професионална и стручна помош при изработка на Актите за внатрешна организација и систематизација за инсистутциите од јавниот сектор.

Крајната цел на оваа услуга е корисниците (инситуциите од јавниот сектор) да добијат Акти за внатрешна организација и систематизација на работните места изработени согласно одредбите од Законот за вработени во јавниот сектор како и Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор, а истовремено во функција и прилагодени на потребите на самата инситуција.

Изготвување на Due Diligence (Длабинска Анализа) на институциите, што ќе овозможи стручна изработка на Годишните планови за вработување и правилно распоредување на вработените како и новите вработувања.

Здружението интегрира и ги става на располагање своите Стручни Советници и Соработници во секој Сектор од Државната администрација, Министерството за внатрешни работи, Армијата на Република Македонија, Образование и наука, Културатата, Социјалната и детската заштита, Здравството, Судството и јавното обвинителство, државните и јавните претпријатија и Трговски друштва во државна сопственост за стручни анализи, изработка на правни мислења за функционалност и градење на капацитетите на администрацијата.

**Здружението на Јавни Службеници на Северна Македонија**
претседател
**Петар Николоски**

Здружение на Јавни Службеници на Северна Македонија
Јавни Службеници
ПРИЛЕП

Здружение на Јавни Службеници
на Северна Македонија

Бр. 03-12/2
02.03. 20 20 год.
ПРИЛЕП

Здружение на Јавни Службеници
e-mail: javnisluzbenici@gmail.com
жиро с/ка: 270073997580131-Халкбанк АД Скопје

# ТЕХНИЧКА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

- **Компјутер** – 1 (една единица)- (PC TABLE)
  - Монитор - 24''
  - Процесор- i 5-8500
  - Рам меморија – 6 GB
  - HDD 1 TB 250 SSD
  - GigaLAN
  - вкупна вредност – 1 (една единица) 600 евра (во денарска противредност)

- **Лаптоп** - 3 (три единици) – (LAP TOP)
  - Процесор- i 5
  - Рам меморија – 8 GB
  - HDD 1 TB ( 250 SSD)
  - DVDRW/GigaLAN/15.6"
  - вкупна вредност – 3 (три единици) по 500- 700 евра (во денарска противредност)

- **Проектор –** 1 (една единица)
  - Native Resolution - WXGA
  - 1280 x 800 Brightness* - 3300
  - ANSI Lumen Contrast Ratio - 15000:1
  - Resolution Support- VGA(640 x 480) to WUXGA_RB(1920 x 1200)*RB = Reduced blanking
  - Вкупна вредност 1 (една единица) 500- 700 евра (во денарска противредност)

- **Дигитална табла**
  - 1 (една единица)
  - Вкупна вредност 1 (една единица) 500 евра (во денарска противредност)

- **Лиценциран софтвер**
  - 4 (четири) лиценцирани софтвери
  - Вкупна вредност - непозната

**Здружението на Јавни Службеници на Северна Македонија**
претседател
**Петар Николоски**

Здружение на Јавни Службеници на Северна Македонија
Јавни Службеници
ПРИЛЕП

Здружение на Јавни Службеници
на Северна Македонија

Бр. 03-12/3
02.02. 2020 год.
ПРИЛЕП

Здружение на Јавни Службеници
e-mail: javnisluzbenici@gmail.com
жиро с/ка: 270073997580131-Халкбанк АД Скопје

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ

- Дванаесет (12) месеци.

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

- Месечен надомест за еден (1) вработен- хонорар за дванаесет (12) месеци со вкупна сума од 264.000,оо денари.
- Надомест за Стручни Советници и Соработници- вкупна сума од 200.000,оо денари.
- Техничка опрема- вкупна вредност 3.500 евра- (во денарска противвредност 215.845,оо денари)
- Непредвидени трошоци- вкупна сума од 50.000,оо денари.
- ✓ Вкупно трошоци- **729.845,оо денари**

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

- Стручна анализа- два (2) месеци;
- Градење на капацитетите на администрацијата- пет (5) месеци;
- Изработка на мислења за функционалност на институцијата и нивна имплементација- пет (5) месеци.

**Здружението на Јавни Службеници на Северна Македонија**
претседател
**Петар Николоски**

Здружение на Јавни Службеници на Северна Македонија ПРИЛЕП
Јавни Службеници